**ЗАПИСНИК**
**од 1-та седница на Советот на Агенцијата за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 05.01.2022 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски, д-р Методија Јанчески.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата**: /

**На седницата преку видео конференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба**: м-р Драгица Љубевска, м-р Емилија Јаневска, м-р Магдалена Давидовска Довлева, Маја Дамевска, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни:** /

Г-дин Петрушевски ја отвори 1-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:00 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Советот на Агенцијата, едногласно го усвои следниот:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Усвојување на Предлог-записник од 38-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 24.12.2021 година.
2. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на Универзитетското радио Студент ФМ 92.9 за прекршување на член 51 став 1 од ЗААВМУ.
3. Предлог за поведување прекршочна постапка против Друштвото за трговија и услуги ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје за прекршување на член 143 од ЗАВМУ.
4. Разно.

**Точка 1**

Г-дин Јанчески во врска со предложениот Записник од 38-та седница во однос на неговата дискусија имаше забелешки кои се наоѓаа на страна 3 во претпоследниот ред и во вториот ред на страна 4. Во таа насока предложи зборовите „под ниво“ да се коригираат во „подниво“ и во реченицата на страна 4 која гласи „во однос на она што

г-дин Трајчев го напомнал..“ да стои „.. го напомна..“ бидејќи тоа го кажал малку пред тоа.

Советот на Агенцијата со корекциите предложени од г-дин Јанчески едногласно го усвои Записникот од 38-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 24.12.2021 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлогот за изрекување мерка јавна опомена на Универзитетското радио Студент ФМ 92.9 за прекршување на член 51 став 1 од ЗААВМУ. Објасни дека овој радиодифузер не обезбедил информации што треба да им се направат достапни на корисниците, односно не им овозможи на своите корисници, лесен, директен и постојан пристап најмалку до следниве податоци: полното име на давателот на аудио медиумската услуга, адресата на седиштето на давателот на аудио медиумската услуга, податоци за контакт (телефонски број, адреса на електронската пошта и/или на веб-страницата, одговорно лице за брзо, директно и ефикасно стапување во контакт) и за надлежното регулаторно тело. Од таа причина се предлага да се изрече мерка јавна опомена со рок од 30 дена да се усогласи со Законот по што ќе се спроведе контролен надзор.

Г-дин Јанчески наведе дека работи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ и од таа причина неговото гласање по однос на точката ќе биде воздржано.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен административен надзор, бр.10-4639/1 од 22.12.2021 година и со 5 гласа „за“ и еден воздржан глас од г-дин Јанчески заклучи на Непрофитната радиодифузна организациона единица УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО СТУДЕНТ ФМ 92.9 - Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 51 став 1 од ЗААВМУ, затоа што на 4 декември 2021 година не ги обезбедил информациите што треба да им се направат достапни на корисниците.

Во согласност со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по Решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, на Универзитетското радио Студент ФМ 92.9 му се наложи во рок од 30 дена од денот на приемот на Решението за изрекување мерка јавна опомена да го усогласи своето работење со член 51 став 1 од ЗААВМУ.

Секторот за правни работи и јавни набавки да го изготви Решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 3**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлогот за поведување прекршочна постапка против Друштвото за трговија и услуги ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје за прекршување на член 143 од ЗАВМУ. Објасни дека овој оператор континуирано не ја спроведува законската обврска да ги реемитува каналите на јавниот радиодифузен сервис на својата платформа. По констатираното прекршување и по изречена претходна мерка се предлага да се поведе прекршочна постапка пред надлежниот суд бидејќи програмските сервиси „МРТ 2“, „МРТ 3“, „МРТ 4“ и „МРТ 5“ спротивно на член 143 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги не ги пренесува на својата сателитска платформа освен првиот канал на јавниот сервис.

Г-дин Петрушевски рече очигледно е дека во Законот има одреден недостаток затоа што ова прекршување се повторува, а при тоа нема можност за построга мерка. Ова прекршување операторот може да го повторува и во иднина.

Г-дин Трајчевски рече дека нема построга мерка за ова прекршување. Наведе дека најверојатно операторот смета дека финансиски му е поисплатливо да ги плаќа судските трошоци за изречените прекршочни санкции отколку да врши реемитување на овие канали. Информира дека усно имале најава од директорот на ТОТАЛ ТВ дека при следна измена на ЗААВМУ ќе бара да биде ослободен од оваа обврска бидејќи станува збор за сателитски оператор, но во овој момент законското решение е такво да мора да ги реемитува.

Г-дин Фиданоски рече дека ова е прашање на таканаречен принцип на must-carry што го има во нашиот Закон каде што каналите на јавниот сервис треба задолжително да ги реемитуваат сите оператори. Рече дека малку му е чудно зошто се игнорира оваа обврска од страна на операторот. Директорот објаснил и рече дека и според негова претпоставка на операторот во овој момент му е поисплатливо да ги плаќа судските трошоци за сторениот прекршок отколку да ги реемитува овие канали. Праша дали операторот има некакво друго образложение освен дека не му е економски исплатливо да ги реемитува овие канали или најавил и нешто друго?

Г-дин Трајчевски одговори дека освен економската причина не ги знае точните параметри. Објаснувањето на операторот е дека секој месец за секој канал што би го реемитувал на сателит би имал фиксен трошок од 6,5 или 7 илјади евра и дека тоа му е економски неисплатливо. Затоа овие канали не ги реемитува и ги плаќа трошоците во судската постапка. Мислењето на Тотал ТВ е дека како сателитски оператор не треба да ја има таа обврска. Но, објасни дека ЗААВМУ не прави разлика врз основа на платформа туку има една дефиниција - оператор на јавна електронска комуникациска мрежа и таа обврска сега важи за сите. Кога беа два канали МРТ 1 и МРТ 2 го почитуваше Законот, но минатата или пред минатата година кога се воведоа „МРТ 4“ и „МРТ 5“ од тогаш престана да ја почитува законската обврска.

Г-дин Фиданоски рече дека ова за него е многу подетално и појасно објаснување, математиката вели дека навистина економски вака му е најисплатливо, да ги плаќа судските трошоци отколку да го плаќа месечниот надоместок за сателитско реемитување на овие канали.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор бр.11-4918/1 од 30.12.2021 година на Друштвото за трговија и услуги ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје, и утврди прекршување на член 143 од ЗААВМУ.

Советот едногласно заклучи против Друштвото за трговија и услуги ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје да се покрене прекршочна постапка пред надлежниот суд бидејќи со надзорот е констатирано дека наведениот оператор на јавна електронска комуникациска мрежа кој според нотификацијата од Агенцијата за електронски комуникации може да врши дејност на територија на Република Северна Македонија, во својот програмски пакет ги нема обезбедено програмските сервиси на јавниот радиодифузен сервис односно не врши реемитување на програмските сервиси „МРТ 2“, „МРТ 3“, „МРТ 4“ и „МРТ 5“ што е спротивно на член 143 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Секторот за правни работи да го изготви Барањето за поведување прекршочна постапка пред надлежниот суд за наведениот оператор.

**Точка 4**

**Разно**

Немаше дискусија под Разно.

**Бр. 02-19/4**

**25-01 2022 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**